Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 16-74/1
19.10.2022 год.
ОХРИД

С Т А Т У Т
на
Факултет за информатички и комуникациски науки
при Универзитет за информатички науки и технологии
„Св. Апостол Павле“ Охрид

СОДРЖИНА:

I. Општи одредби
II. Дејност на факултетот
III. Внатрешна организација на факултетот
IV. Органи на факултетот
V. Високообразовна дејност
VI. Студенти
VII. Завршни одредби

	Датум	Име и презиме	
Изработил		Комисија за нормативна дејност	
Одобрил		Наставно – научен совет	
Правен основ: Врз основа на член 110, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) и член 2, став 2 од Статут на Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид			
Усвоил: Наставно – научен совет на Факултет за информатички и комуникациски науки (26та седница);			

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување
Член 1

Со Статутот на Факултет за информатички и комуникациски науки се уредуваат: внатрешните односи и работењето на Факултет за информатички и комуникациски науки , органите (составот, надлежностите и начинот на одлучување), печатот, штембилот, дејноста, внатрешните организациони единици, организирањето и изведувањето на универзитетските студии, како и други прашања од значење за Факултет за информатички и комуникациски науки (во натамошниот текст: Статут).

За прашањата кои што не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законите, Статутот и другите акти на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид.

Статус и основна дејност
Член 2

Факултет за информатички и комуникациски науки е наставно-научна единица во состав на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (во понатамошниот текст: Универзитет), на кој се организираат и изведуваат универзитетски (академски) студии на прв, втор и трет циклус, вклучувајќи ја и научната и високостручна работа во научни подрачја на компјутерските науки и инженерство, и во сите научни полиња што се во врска со основната дејност на Факултет за информатички и комуникациски науки (во понатамошниот текст: Факултет).

Остварувањето на дејноста од став 1 на овој член, Факултетот ја врши во согласност со статутот и другите акти на Универзитетот.

Назив
Член 3

Факултетот работи под назив: Република Северна Македонија, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, Факултет за информатички и комуникациски науки .

Скратениот назив на Факултетот е: Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, Факултет за информатички и комуникациски науки .

Полниот назив на Факултетот на англиски јазик е: Republic of North Macedonia, University of Information Science and Technology “St. Paul the Apostle” Ohrid, Faculty of Information and Communication Science.

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: University of information Science and Technology “St. Paul the Apostle” Ohrid, Faculty of Information and Communication Science.

Датум на основање
Член 4

Факултетот е основан со Закон за основање на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (Службен весник бр. 81/2008, 48/2009, 6/2010, 70/2013), како единица во негов состав.

Овластувања, права, обврски и одговорности на Факултетот
Член 5

Факултетот има овластувања, права, обврски и одговорности согласно со Закон и Статутот на Универзитетот.

Факултетот нема својство на правно лице и настапува во правниот сообраќај под називот на Универзитетот и под свој назив.

Член 6

Лицата избрани во наставно – научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Факултетот и студентите на Факултетот се членови на академската заедница.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето. Факултетот ја врши дејноста врз начелото на академска автономија.

Одредбите за автономијата утврдени со Закон и со Статутот на Универзитетот соодветно се применуваат и за Факултетот како единица на Универзитетот.

Печат и штембил на факултетот

Член 7

Печатот на Факултет за информатички и комуникациски науки е со тркалезна форма, во средината на печатот е грбот на Република Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид и називот на единицата, а во внатрешниот ред: Република Македонија.

Овој печат се употребува за архивското работење на единицата.

Факултетот има печат со иста содржина како во став 1 од овој член преведен на англиски јазик.

Штембилот на факултетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Македонија, Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, Факултет за информатички и комуникациски науки , број_____, _____/ _____година Охрид .

Штембилот се употребува за архивското работење на единицата на Универзитетот.

Факултетот има штембил со иста содржина како во став 4 од овој член преведен на англиски јазик.

II. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

Член 8

Факултет е високообразовна установа која врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка високостручна дејност во студиско и научноистражувачко подрачје, според студиска програма на една или повеќе сродни и меѓусебно поврзани наставно-научни, односно стручни области од прв, втор и трет циклус студии.

Во рамките на својата дејност:

1. го планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основана во рамките на буџетските средства, самофинансирачките активности, донации и слично;
2. врши високообразовна, научноистражувачка, применувачка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини;
3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и на единицата;
4. организира научни собири, симпозиуми, семинари, советувања и други видови на собири;
5. во рамките на единствениот библиотечно-информациски систем утврден од Универзитетот, ја организира работата на библиотеката и организира библиотечно-информациска и документациона дејност;
6. издава уверенија и други исправи за завршени студии и други видови на образование, според условите утврдени во Статутот на Универзитетот;

7. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и на вработените;
8. остварува различни студии за надоградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
9. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и со странски физички и правни лица;
10. остварува издавачка дејност и
11. врши и други работи утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот.

III. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

Член 9

За вршење на својата дејност факултетот може да организира катедри, оддели, институти, центри, библиотека, лаборатории и други внатрешно – организациони единици, во согласност со одредбите од Статутот на универзитетот.

IV. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Член 10

Органи на Факултетот се: наставно - научен совет (во понатамошниот текст ННС), декан и деканатска управа.

На факултетот се формира факултетско студентско собрание како тело на факултетот.

Надлежност на наставно-научниот совет

Член 11

ННС е орган на управување и стручен орган на факултетот.

ННС на Факултетот врши работи утврдени со закон, а особено:

1. донесува Статут на Факултетот;
2. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира декан на факултетот и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување;
4. избира продекан на Факултетот;
5. избира членови на Сенатот на универзитетот во чиј состав е (сенатори);
6. му предлага на Сенатот на Универзитетот студиски програми;
7. донесува програма за научноистражувачка работа;
8. врши избор во наставно-научни звања: доцент, вонреден професор и редовен професор, во соработнички звања и демонстратори;
9. предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на сите циклуси на студии;
10. донесува одлука за распоред на работни задачи на наставниците и соработниците за секоја академска година;
11. му предлага на универзитетот, односно кога тоа е определено со закон, на основачот измена или проширување на дејноста во согласност со законот за високо образование;
12. ги донесува општите акти на факултетот;
13. донесува мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со успешни и талентирани студенти;
14. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната, научно-истражувачката, применувачката, и за компјутерската мрежа;
15. избира и разрешува секретар на Факултетот, во согласност со статутот на универзитетот;
16. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација;

17. одлучува за библиотеката, за библиотечно – информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информацискатa и документациона дејност, во согласност со статутот на универзитетот и статутот на факултетот;
18. одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и слично;
19. одлучува за остварување на меѓународната соработка, согласно статутот на универзитетот и статутот на факултетот;
20. врши и други работи утврдени со закон, статутот на Универзитетот, овој статут и другите акти на Универзитетот и Факултетот.

Член 12

ННС на Факултетот го сочинуваат: редовни професори, вонредни професори и доценти кои се во работен однос на факултетот.

Во ННС на Факултетот свои претставници избира и факултетското студентско собрание.

Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10% (десет проценти) од вкупниот број членови на ННС и се избираат за мандатен период од 1 (една) година.

Претставниците на студентите рамноправно одлучуваат со останатите членови на ННС на Факултетот, освен ако со закон, за поодделни прашања не е утврдено да се одлучува на поинаков начин.

Член 13

За проучување на одделни прашања, изработка на извештаи или подготовка на одлука или општ акт од својот делокруг, ННС на Факултетот може да формира и да избира членови на работни тела, постојани и повремени комисии и други тела кои помагаат во работата од делокругот за кои се формирани.

Задачите, составот и начинот на работа на работните тела, комисиите и другите тела, се определува со одлука за нивното формирање.

Членовите избрани во работните тела на комисиите од став 1 на овој член имаат право и обврска да учествуваат во нивната работа.

Избор на членови на Универзитетскиот сенат (сенатори)

Член 14

Член на сенатот може да биде лице избрано во наставно-научно звање.

За член на сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан и продекан на факултетот.

Членовите на сенатот од факултетот се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот совет за време од три години, со право на уште еден избор.

Во сенатот, факултетот има двајца претставници.

Деканот на факултетот, а во негово отсуство продеканот свикува седница на Наставно - научниот совет на факултетот, за избор на членови на Сенатот.

На седницата на Наставно - научниот совет на факултетот, членовите на Наставно - научниот совет поединечно предлагаат кандидати за членови на Сенатот од редот на наставно – научните работници на факултетот вработени на факултетот.

Член 15

Доколку има предложено само двајца кандидати и ниту еден кандидат не го добие потребниот број на гласови (мнозинство на гласови од присутните членови на Наставно – научниот совет) гласањето се повторува со нови предложени кандидати.

Доколку има предложено само двајца кандидати и еден кандидат го добие потребниот број на гласови, а другиот не го добие гласањето се повторува за непотполнетото место со нови предлози.

Доколку има предложено повеќе од двајца кандидати и еден кандидат го добие потребниот број на гласови, а другите не го добијат потребниот број на гласови, гласањето се повторува за непотполнетото место со двајцата кандидати кои имаат освоено најголем број на гласови.

Доколку има предложено повеќе од двајца кандидати и ниту еден кандидат не го добие потребниот број на гласови (мнозинство на гласови од присутните членови на Наставно – научниот совет), гласањето се повторува за двајца кандидатите кои добиле најголем број на гласови.

Доколку има предложено повеќе од двајца кандидати и ниту еден кандидат не го добие потребниот број на гласови (мнозинство на гласови од присутните членови на Наставно – научниот совет), а има двајца или повеќе кандидати со ист број на гласови, гласањето се повторува за кандидатите со ист број на гласови.

Член 16

По завршеното гласање, комисијата за спроведување на тајното гласање ги објавува, односно поднесува записник до Наставно - научниот совет на факултетот со резултатите од изборот за членови на Сенатот.

По завршување на гласањето, деканот односно продеканот на факултетот ја соопштува одлуката за избор на членови на универзитетскиот сенат врз основа на доставениот записник од комисијата за спроведување на тајното гласање.

Акти на ННС

Член 17

ННС на Факултетот ги донесува следните видови на акти:

– општи акти;
– одлуки;
– заклучоци
– мислења
– препораки.

Член 18

Општите акти се донесуваат за регулирање на општите прашања од работата и дејноста на Факултетот и за спроведување на законите од одделна област.

Одлуките се донесуваат за регулирање на одделни прашања од дејноста на Факултетот, за примена и конкретизација на Статутот на Универзитетот и другите општи акти на Универзитетот и Факултетот и во случаи кога се одлучува за правата и должностите на вработените и студентите на Факултетот. Одлуките кои се донесуваат на ННС се сметаат за поединечни акти на ННС.

Заклучоците се донесуваат и со нив се одлучува за процедурални прашања и за прашања по кои ННС е надлежен само да ги разгледува.

Со мислењата и препораките се искажува ставот на ННС по одделно прашање од дејноста на Факултетот и неговите органи односно се искажува став за потребата од преземање на одредени мерки.

Декан

Член 19

Деканот на факултетот врши работи утврдени со закон.

Деканот е раководен орган на факултетот.

Деканот го претставува Факултетот во земјата и странство во согласност со статутот на Универзитетот.

Вршењето на должноста декан е неспојливо со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето на Факултетот.

По положба, деканот на Факултетот е член на ректорската управа на Универзитетот.

Надлежностите на деканот се утврдени со закон, со Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

Надлежност на деканот

Член 20

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција на Факултетот, особено:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на сенатот и ректорот на Универзитетот;
2. ги извршува одлуките и заклучоците на наставно-научниот совет;
3. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научно-истражувачката и применувачката дејност;
4. ги свикува седниците на наставно-научниот совет, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
5. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува деканатската управа;
6. на наставно-научниот совет на Факултетот му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
7. распишува конкурс за избор на лица во наставно-научни, и соработнички звања;
8. ги промовира дипломираните студенти и доделува награди;
9. управува со имотот на Универзитетот во рамките на Факултетот и се грижи за неговото одржување во согласност со статутот на Универзитетот;
10. врши и други работи утврдени со закон, статутот на Универзитетот, овој Статут т и другите акти на Универзитетот и Факултетот.

Член 21

Деканот на Факултетот е должен најмалку еднаш во годината до наставно-научниот совет на Факултетот и до ректорот на Универзитетот да поднесе годишен извештај за својата работа во пишана форма.

Член 22

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со закон, статутот на Универзитетот, овој Статут и другите акти на Универзитетот и Факултетот и за тоа да го извести ректорот на Универзитетот кој донесува одлука по спорното прашање.

За вршење на дел од своите права и обврски деканот на Факултетот може да го овласти продеканот на Факултетот.

Во работата на деканот на Факултетот му помага секретарот на Факултетот.

Услови за избор и разрешување на декан

Член 23

Деканот се избира за време од 3 (три) години со право на уште еден избор.

Вкупниот мандат на деканот од став 1 на овој член, се однесува за избор на која било единица во состав на Универзитетот.

Член 24

Наставно – научниот совет, со тајно гласање, избира декан на факултетот и одлуката за избор му ја доставува на Универзитетскиот сенат за потврдување.

Ако Сенатот не го потврди изборот на декан, целата изборна постапка се повторува. Во повторената постапка не учествува претходниот кандидат за декан.

Член 25

Постапката за избор на декан на факултетот, започнува 3 (три) месеци пред истекот на мандатот на актуелниот декан.

Наставно - научниот совет, донесува одлука за започнување на постапката и формира изборна комисија составена од 3 (три) члена. Ако наставно-научниот совет не ја донесе одлуката, одлука за започнување на постапката донесува ректорот.

Секој редовен и вонреден професор, а доколку такви нема и секој доцент, доколку ги исполнува условите од овој Статут, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на донесувањето на одлуката од став 2 на овој член има право да се кандидира за декан.

Пријавените кандидати доставуваат пријава и програма за работа за мандатниот период во архивата на факултетот.

Пријавите и програмите на кандидатите за декан се доставуваат до членовите на наставно – научниот совет, во рок од 3 дена од денот на нивното поднесување.

Член 26

Ако во првиот круг од гласањето за избор на декан, ниту еден од пријавените кандидати не го добие потребното мнозинство на гласови, гласањето се повторува за двајца кандидати кои добиле најмногу гласови.

Ако ниеден од пријавените кандидати за декан не го добие потребното мнозинство гласови при повторното гласање, целата изборна постапка се спроведува од почеток.

Ако за избор на декан има предложено само еден кандидат и ако при гласањето во првиот круг тој не го добие потребното мнозинство гласови, целата постапка се повторува.

При повторната постапка не учествуваат кандидатите за декан од претходната постапка.

Престанок на мандатот на деканот пред истекот на рокот за кој е избран

Член 27

Мандатот на деканот престанува пред истекот на рокот за кој е избран доколку:

1. поднесе оставка од функцијата за којашто е избран,
2. настане трајна спреченост за вршење на функцијата,
3. е разрешен од страна на ННС на факултетот,
4. сенатот ја потврди одлуката за суспензија на деканот од страна на ректорот и
5. во други случаи определени со закон и со статутот на универзитетот.

Во случај на престанок на мандатот на деканот пред истекот на рокот за кој е избран од ставот (1) на овој член, ректорот именува времен вршител на должност декан, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува за време определено со статутот на универзитетот.

Мандатот на времен вршител на должност декан може да трае најмногу шест месеци, при што за времен вршител на должност декан едно лице може да биде именувано само еднаш.

Времениот вршител на должност декан не може да се кандидира за декан додека ја врши функцијата времен вршител на должноста декан.

Најдоцна во рок од триесет дена од денот на именувањето на времениот вршител на должноста декан, наставно-научниот совет на факултетот започнува постапка за избор на нов декан.

Разрешување на декан

Член 28

Ако ННС, не го прифати годишниот извештај за работа на деканот, се смета дека деканот е разрешен и се известува ректорот да именува вршител на должност декан.

Истиот ден кога ННС нема да го прифати годишниот извештај, отпочнува постапка за избор на нов декан.

Деканот којшто е разрешен има право на приговор до Сенатот.

Одлуката на Сенатот по приговорот е конечна.

Во случај на разрешување на деканот на факултетот, се спроведува постапка за избор на декан утврдена со овој Статут. Во таа постапка, разрешениот декан на факултетот, не може да биде предложен за кандидат за декан на факултет.

Продекан

Член 29

Факултетот, може да има еден или повеќе продекани, кои ги предлага деканот.

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да го овласти продеканот.

Член 30

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

Член 31

Продеканот го избира ННС по предлог на новоизбраниот декан, со тајно гласање.

Продеканот се избира од редот на редовните професори, вонредните професори и доцентите за мандатен период од 3 (три) години, со право на уште еден избор.

Ако ННС, не го избере предложениот кандидат за продекан на факултетот, деканот на факултетот е должен да предложи нов кандидат, односно да даде предлог за продекан на наредната седница на ННС на факултетот.

Разрешување на продеканот од страна на ННС на факултетот, може да побара деканот доколку оцени дека продеканот не му помага во работата или понатамошната негова соработка со продеканот битно му ја отежнува работата во остварување на неговата програма.

Член 32

Продеканот врши работи што ќе му ги определи деканот за области од дејноста на факултетот:

- го заменува деканот во негово отсуство;
- одлучува по овластување на деканот на факултетот за прашања од негова надлежност;
- се грижи за организацијата на наставата;
- изготвува студентски календар за настава, испити и колоквиуми на факултетот;
- врши други работи утврдени со статутот и другите акти на Универзитетот и на факултетот;

За својата работа продеканот одговара пред ННС и пред деканот.

Деканатска управа

Член 33

Деканатската управа е орган на управување на факултетот и брои најмалку *5 (пет),* но не повеќе од 15 *(петнаесет)* члена.

Деканатската управа на факултетот ја сочинуваат: деканот, продеканот, односно продеканите и раководителите на внатрешните наставно - научни организациони единици определени со статутот на факултетот, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од 3 (три) години со право на еден реизбор и најмалку 1 (еден) член избран од факултетското студентско собрание.

Доколку бројот на раководителите на катедрите го надминува дозволениот број на членови во Управата, максимално дозволениот број на членови ќе се добие по пат на меѓусебен договор помеѓу раководителите.

Заради оптимално задоволување на претставеноста во Деканатската управа, времетраењето на мандатот за членство во Управата на катедрите изнесува 3 (три) години, со задолжителна ротација за членство за секоја од катедрите.

Раководителите на катедрите кои во одреден период не се членови на Управата, можат да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на Управата без право на одлучување.

Членот на Управата избран од Факултетското студентско собрание, се избира на начин и постапка утврдени со статутот на Факултетското студентско собрание.

Во работата на Деканатската управа на факултетот учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

Член 34

Деканатската управа врши работи утврдени со закон.

Деканатската управа на факултетот во рамките на својата надлежност:

- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Факултетот и за односите на поширокатa општествена заедница и државните органи;
- донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите кои согласно со закон се во надлежност на ННС на Факултетот;
- согласно со закон, му предлага на Универзитетот измена или проширување на дејноста на Факултетот;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува ННС и деканот на Факултетот;
- формира постојани и повремени работни тела и
- врши и други работи определени со Статутот на Универзитетот и другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

Член 35

Деканатската управа на Факултетот работи на седници.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот на факултетот.

Деканатската управа на Факултетот може да работи доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број на нејзини членови, а одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од членовите на Деканатската управа на факултетот.

Деканатската управа на факултетот одлучува со јавно гласање, освен ако не одлучи гласањето да биде тајно.

Заменик студентски правобранител

Член 36

Заради заштита на правата на студентите на факултетот се избира заменик студентски правобранител кој го избира факултетското студентско собрание, од редот на редовните студенти, по претходно објавен конкурс.

Мандатот на заменикот студентски правобранител е 2 години, без можност за реизбор.

Постапка за разрешување на заменикот студентски правобранител можат да покренат членовите на факултетското студентско собрание, студентскиот правобранител или 1/10 од вкупниот број студенти запишани во моментот на факултетот на кој е избран заменикот студентски правобранител. За разрешување на заменикот студентски правобранител одлучува факултетското студентско собрание.

Надлежности на заменик студентски правобранител

Член 37

Заменик студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на факултетот или друг член на академската заедница на факултетот. Органите на факултетот се должни да постапат по укажувањата на заменикот студентски правобранител.

За својата работа заменикот студентски правобранител поднесува годишен извештај до студентскиот правобранител и до ННС на единицата за тековната учебна година за периодот од 01.10 до 30.09.

Годишниот извештај се поднесува во рок од 60 дена по завршување на тековната учебна година.

Условите за избор, постапката за избор и разрешување и работата на заменик студентски правобранител се утврдуваат со статутот на факултетско студентското собрание.

Факултетско студентско собрание

Член 38

Факултетското студентско собрание ги штити интересите на студентите, учествува преку свои претставници во одлучувањето во органите и телата на факултетот и ги претставува студентите во рамки на високото образование како членови на академската за едница.

Факултетското студентско собрание е тело на факултетот во кое членуваат претставници на студентите.

Работата на Факултетското студентско собрание се утврдува со Статут на Факултетското студентско собрание.

Согласност на Статутот на Факултетското студентско собрание дава ННС на факултетот.

Работата на студентското собрание се финансира од средства на Универзитетот, како и од: легати, подароци, завештанија, прилози, чланарина и други извори.

Факултетското студентско собрание донесува предлог-одлуки за располагање со финансиските средства за нивно работење, кои ги доставува до Универзитетското студентско собрание за потврдување.

Одлуките од Универзитетското студентско собрание се доставуваат до Сенатот на Универзитетот.

Член 39

Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание, имаат сите студенти на единицата кои се запишани на студии во учебната година во која се избира факултетското студентско собрание.

Факултетското студентско собрание брои 10 (десет) членови, кои се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува деканот во рок од 30 дена пред нивното одржување. Во одлуката за распишување на избори, деканот на единицата именува изборна комисија составена од 5 (пет) членови, од кои тројца студенти и двајца наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание.

Доколку деканот на факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во определениот рок, изборите ги распишува ректорот на универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот (3) на овој член.

Во ваков случај, изборна комисија составена од 5 (пет) членови, од кои тројца студенти и двајца наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание, формира ректорот на Универзитетот.

Член 40

Тајното гласање за избор на членови и претседател на факултетското студентско собрание, се врши со гласачки ливчиња изготвени од страна на изборната комисија.

Изборната комисија подготвува посебни гласачки ливчиња, раководи со гласањето и ги утврдува резултатите од гласањето.

Гласачките ливчиња треба да бидат со иста големина и во иста боја.

Кандидатите за избор, на гласачките ливчиња се внесуваат по азбучен ред од нивното презиме.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број.

Гласањето се спроведува на точно определен ден и место со претходно известување на студентите.

На денот на гласањето на видно определено место на факултетот се поставува гласачка кутија и комисијата го спроведува гласањето на начин на кој што по доаѓањето на студентите комисијата ги евидентира во избирачкиот список со: студентски индекс-легитимација или лична карта-пасош.

При тајното гласање, студентот на единицата на гласачкото ливче го означува кандидатот за кој гласа така што го заокружува редниот број пред името и презимето на истиот.

Член 41

По спроведеното тајно гласање, изборната комисија ги соопштува резултатите од гласањето.

Комисијата најпрво го утврдува бројот на оние кои гласале.

Неупотребените гласачки ливчиња комисијата ги пребројува и ги става во посебно плико и го запечатува. Потоа комисијата утврдува колку лица гласале според списокот, ја отвара гласачката кутија и ги пребројува гласачките ливчиња.

Резултатите од гласањето се утврдуваат според бројот на гласачките ливчиња пронајдени во гласачката кутија.

По завршеното пребројување на гласовите записникот за утврдените резултати од гласањето, списокот за гласање и употребените гласачки ливчиња се стават во посебно плико кое се запечатува. Во ова плико се стават одвоено и неупотребените гласачки ливчиња.

Резултатите од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание, ги утврдува изборната комисија на единицата записнички.

Член 42

За избрани членови на Факултетското студентско собрание се сметаат оние студенти кои добиле најголем број на гласови.

Член 43

По завршувањето на изборите за членови на факултетското студентско собрание во рок од 15 дена се свикува конститутивна седница на која се избира претседател на факултетското студентско собрание и на истата седница се именуваат по двајца претставници во Универзитетското студентско собрание на универзитетот во чиј состав се.

Факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста

Член 44

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно – истражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот за информатика формира Факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста (во натамошниот текст: **Одбор за соработка и доверба со јавноста**)

Одборот за соработка и доверба со јавноста брои 5 (пет) члена и тоа:

- 1 (еден) претставник од основачот (Собранието на Република Северна Македонија);
- 4 (четири) претставници од деловната заедница од делокругот на студиските програми.

Мандатот на членовите на Одборот за соработка и доверба со јавноста е три години, со право на уште еден мандат.

По прашањата за кои одборот за соработка и доверба со јавноста расправа, се усвојуваат препораки.

Член 45

Одборот за соработка и доверба со јавноста дава препораки за:

1. Општествена оправданост на студиските програми на сите циклуси на студии;

2. Содржината и специфичните дескриптори на студиските програми на сите циклуси на студии;
3. Организирање на трибини, семинари, конгреси и симпозиуми, односно јавни расправи од страна на високообразовната установа по актуелни општествени прашања за студентите и пошироката јавност;
4. Други прашања значајни за улогата и придонесот на високообразовната установа за социоекономскиот развој на општеството;

V. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Прв циклус на универзитетски студии
Член 46

На Факултетот студиите на првиот циклус се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми и според правилата за студирање засновани на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити (ЕКТС).

Студиите на Факултетот на првиот циклус траат:

- 3 години (6) семестри и со нивно завршување студентоте се стекнува со 180 ЕКТС кредити;
- 4 години (8) семестри и со нивно завршување студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити.

На Факултетот студиите од претходниот став се организирани како редовни и вонредни студии.

Член 47

Постапката за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање се регулирани со Правилник на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид.

Втор циклус на универзитетски студии
Член 48

На Факултетот студиите на вториот циклус се остваруваат врз основа на студиски и предметни програми во согласност со ЕКТС.

- 1 (една) година, односно 2 (два) семестри и со нивното завршување се стекнуваат 60 ЕКТС кредити
- 2 (две) години односно 4 (четири) семестри и со нивното завршување се стекнуваат 120 ЕКТС кредити.

Член 49

Постапката за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус се утврдени со Правилник на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид.

Трет циклус на универзитетски – докторски студии
Член 50

Универзитетот ги организира студиите од трет циклус во научните области во кои припаѓаат.

Постапката за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус се утврдени со Правилник на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид.

Студиски и предметни програми

Член 51

Студиските и предметните програми на Факултетот се реализираат преку одредени форми на наставна работа според распоредот на часовите што се утврдува на почетокот на семестарот.

Распоредот на часовите се објавува на огласната табла и на веб страницата на Факултетот и на Универзитетот.

Форми на настава

Член 52

Основни форми на наставата на Факултетот се: предавања, вежби, семинари**,** практични вежби**,** др.

Дополнителни облици на наставата може да бидат: консултации**,** стручни посети, теренска настава и други облици на дополнителна настава.

Член 53

На **предавањата** се изложува материјата која е предвидена со студиската и предметната програма на Факултетот.

Член 54

На **практичните вежби**, студентите на Факултетот се информираат со методите на практичната работа и се стекнуваат со практични знаења и вештини.

Член 55

На **семинарите**, студентите на Факултетот добиваат продлабочено запознавање со материјата од наставниот предмет, а заради изработка на определен проблем од студиската програма на соодветната катедра на Факултетот и за нивно воведување во научната работа.

Член 56

Со **консултациите,** на студентите на Факултетот им се овозможува појаснување на поедини, но првенствено сложени делови на студиската програма, како и давање на потребна помош при изработката на семинарските и дипломските испити.

Консултациите на Факултетот ги вршат наставниците и тоа во определено време, кое е одредено од предметниот наставник. Распоредот на консултациите се објавува на почетокот на секоја академска година на интернет страната на Факултетот и на кабинетите на наставниците на Факултетот.

Член 57

Наставниците и соработниците на Факултетот се должни да се придржуваат на студиската и предметната програма и на распоредот на часовите.

За извршување на обврските од став 1 на овој член, како и за извршување на обврските на студентите, наставниците и соработниците водат евиденција.

За правилна и навремена евиденција од став 2 на овој член е одговорен раководителот на катедрата, односно одделот.

Стручно, односно професионално усовршување

Член 58

На Факултетот се организираат постојани и повремени форми на стручно, односно професионалното усовршување заради запознавање на учесниците со новите достигнувања во научните области за кои Факултетот е матичен, во согласност со акт на Сенатот.

Програмите за стручното, односно професионалното усовршување ги донесува наставно-научниот совет по предлог на катедрите, а ги усвојува сенатот на Универзитетот.

За завршената форма на стручно образование и обука Факултетот издава сертификат кој го потпишува деканот на Факултетот.

Со одлуката за организирање на стручното образование и обука се уредуваат: условите за запишување, следењето на стручното образование и обука, правата и обврските на лицата што ги посетувале овие програми, цената што ја плаќаат за нивната посета и др. во согласност со акт на сенатот на Универзитетот.

Покрај програмите за стручното, односно професионално усовршување и обука, Факултетот може да организира и различни облици на неформално учење, како курсеви, семинари, летни и зимски универзитети, школи, работилници и сл., во согласност со акт на сенатот на Универзитетот. По завршувањето на соодветниот облик на неформално учење се стекнува потврда, односно сертификат.

VI. СТУДЕНТИ

Член 59

Статусот на студент на Факултетот се стекнува со запишување на соодветна година на студии и со регулирање на трошоците на студиите.

Запишувањето во прва година на студии се врши врз основа на јавен конкурс.

Студентите чие образование го финансира државата го задржуваат статусот (студент чие образование го финансира државата) најдолго за времето кое е двапати подолго од пропишаното времетраење на студиите, односно до крајот на академската година во која тој рок истекува. Со истекот на тој рок студентот ги продолжува студиите со поднесување на барање за студирање на нова студиска програма.

Во времето од став 1 на овој член не се смета времето на мирување на студентските обврски.

Член 60

На запишаните студенти на Факултетот им се издава индекс, студентска легитимација со кои се докажува статусот на студент и електронска легитимација за евиденција.

По завршеното запишување, студентот е должен во индексот да ги запише наставните предмети, бројот на кредитите и имињата на наставниците кои ја изведуваат наставата.

Член 61

Студентите на факултетот имаат права и обврски да учествуваат во процесот на наставата и научноистражувачката работа во соработка со наставниците, соработниците според студиските и предметните програми на факултетот.

Студентите имаат обврска:

- Да ги извршуваат обврските во наставата, односно редовно да присуствуваат на предавањата, вежбите и другите форми на настава според студиската и предметната програма на факултетот и распоредот на наставата и испитите;
- Да се придржуваат на одредбите од овој Статут, другите акти на факултетот, Статутот и другите акти на Универзитетот.

Информирање на студентите за правата и обврските

Член 62

Факултетот има обврска на почетокот на секоја студиска година да ги информира студентите за остварување на нивните права и за извршување на нивните обврски утврдени со закон, Статут и другите акти на Универзитетот и овој Статут.

Член 63

Информирањето на студентите за нивните права и обврски се врши преку:

- објавување на студиските и предметните програми на веб страницата на факултетот и на Универзитетот;
- објавување на Статутот на Универзитетот, Статутот на факултетот и Правилник на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид
- објавување на распоредот, односно одржувањето на испитите со академскиот календар за наставата и испитите на факултетот;
- истакнување на резултатите од испитите непосредно по одржаниот устен или најдоцна 10 (дест) дена од денот на одржаниот писмен испит и
- во други случаи утврдени со Статутот и актите на Универзитетот.

Член 64

Студентската служба на факултетот е должен во текот на студиската година редовно да ги информира студентите во врска со остварувањето на нивните права и за извршувањето на нивните обврски на факултетот.

Диплома - стручни и научни називи

Член 65

На студент на Факултетот којшто ќе ги заврши сите обврски според студиската програма на прв, втор и трет циклус на Факултетот, врз основа на евиденцијата што се води за него, Универзитетот и Факултетот му издаваат диплома. Конкретниот стручен, односно научен назив што се добива со завршувањето на одредена студиска програма произлегува од решението за акредитација на студиската програма.

Водење на евиденција

Член 66

На факултетот се води евиденција за наставната работа, студентите, како и за сите важни податоци кои се однесуваат на работата на факултетот.

Член 67

Наставниците и соработниците водат евиденција за наставната работа, спроведувањето на испитите и присуството на студентите на настава. Факултетот води евиденција и архивирање на актите, наставните пишани материјали (дипломски работи, други објавени испитни работи и сл.), плакети, пофалници и се што се однесува на наставната работа на Факултетот.

Член 68

На Факултетот се води студентска евиденција со лични податоци утврдена со закон.

Студентската евиденција ја води студентската служба и тоа:

- Матична книга на запишаните студенти на прв циклус;
- Пријави за положени испити;
- Главна книга на дипломираните на прв циклус и
- Досие на секој студент.

Член 69

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот со кои се регулира високообразовната дејност, наставно – научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, издавачката дејност и друго соодветно се применуваат и во работењето на Факултетот.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 70

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски Билтен на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид.

Декан,
Доц. д-р Александар Карадимче, с.р.